HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## АПРИЛ

## 2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

родово базирано насилство и семејно насилство

05

затворени институции

06

бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На почетокот на април, Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација најостро реагираа на измените и дополнувањата на Законот за основно образование и Законот за учебници, со кои се озаконува дискриминацијата и насилството, а се бришат темите за сексуално и репродуктивно здравје и родова еднаквост. Овие законски измени беа донесени без консултација со младите и стручната јавност и се директно спротивни на потребите на младите. Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација, меѓу другото, побараа од претседателката на државата да не ги потпише Указите за донесување на законите. Владата и Парламентот да ги реобмислат законите во образованието кои директно им штетат на здравјето на младите. Бараа одржување на надзорна расправа за предизвиците и препреките во имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација пред Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

# ВОВЕД

Да се отвори широка дебата со младите, младинските организации, стручните здравствени организации и кои работат на заштита на правата на маргинализираните заедници, и подготовка на измени на Законот за основно образование, Законот за средното образование и Законот за учебници за основно и средно образование базирани на докази и наука, и во согласност со меѓународните документи за заштита на човекови права со кои суштински ќе се покаже вистинска грижа за младите, како и итно и неодложно спроведување на подзаконски акти за заштита на децата од насилство и дискриминација во училишта.

Откако овие измени сепак беа усвоени во Собранието Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација упатија јавен апел до претседателката на државата да не ги потпише указите за измените и дополнувањата на Законот за основно образование и Законот за учебници. Таа ги потпиша указите и не покрена дебата.

# ВОВЕД

На 02.04.2025 година во Собранието на Република Северна Македонија се одржа 24та седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на која утврди Предлог - одлука за избор на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во неполни 24 часа откако се одржа седницата за јавна расправа. Комисијата за прашања на изборите и именувањата до пратениците на Собранието го предложи Вецко Здравески за иден комесар со мандат од пет години, кандидат кој е партиски кадар и не ги исполнува критериумите за избор. Мрежата за заштита од дискриминација побара Собранието да не го прифати овој предлог и да не го изгласа овој кандидат како иден член на КСЗД.

<u>Мрежата за заштита од дискриминација потенцираше дека изборот на овој кандидат за член на КСЗД</u> не само што не е во служба на заштитата на човековите права, туку и би било погубно за човековите права, еднаквоста и недискриминацијата. Спроведеното интервју со кандидатот, неговото претставување, а особено одговорите на прашањата од публиката беа на незадоволително ниво по сите стандарди за избор на член на телото за еднаквост.

# ВОВЕД

Неговото интервју јасно покажува дека кандидатот не се чувствува сигурно при изговарање на некои од основите за дискриминација, како, на пример, зборовите „сексуална ориентација“ и „транс жена“. Ваквиот однос ни укажува на целосно непочитување кон маргинализираните заедници, кои истовремено се едни од најчесто дискриминираните лица, и создава реално сомнение дека кандидатот кога би бил член на КСЗД би постапувал непристрасно и професионално кон сите граѓани. Од друга страна, сосема е нејасно како Комисијата утврдила дека кандидатот ги исполнува законските критериуми и е експерт за заштита од и спречување на дискриминација, кога на седницата немаше повеќе од 10% вкупниот број членови на Собранието, а од неговата биографија воопшто не произлегува ваква експертиза, па дури ни интерес.

# ВОВЕД

На 8 април беше одбележан Меѓународниот ден на Ромите, според Хелсиншкиот комитет за човекови права, не направен напредок во борбата против дискриминацијата на Ромите во државата. Говор на омраза и вознемирувачки говор кон припадници на ромската заедница, речиси секој месец се регистрираат од страна на Хелсиншкиот комитет. Ромите се соочуваат со повеќекратна дискриминација и тоа најмногу се гледа во односот на институциите кон нив, но и во третманот кој го добиваат од страна на општеството во целина. Ромите остануваат најзагрозена и економски најранлива заедница во земјата, а загрижувачки присутни се и појавите на стигма и предрасуди.

Во април, Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација остро реагираа на усвојувањето и на третиот последователен штетен закон во областа на образованието - Законот за средно образование. Со измените на законите се озаконува насилство и дискриминација врз децата, а младите остануваат без пристап до здравствена едукација базирана на докази. И покрај апелите на граѓанскиот сектор, Претседателката го потпиша указот и за овие измени во Законот за средно образование.

# ВОВЕД

Платформата за родова еднаквост следејќи го судењето против 36-годишната Ванѓелица од Кратово, која е жртва на семејно насилство, а која Основното јавно обвинителство ја гони за сторено кривично дело „убиство со умисла“ побара од ОЈО Куманово да изврши преквалификација на делото во „нужна одбрана“, а судот да постапува со должно внимание во овој предмет и да ги разгледа сите решителни факти и да ги земе предвид принципите утврдени со ослободителната одлука во случајот на Пале.

Мрежата за заштита од дискриминација во април побара повлекување на одлуката на Владата за именување на Петар Богојески како директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, поради неговите изјави со вознемирувачки говор, навреди и говор на омраза, како и постапки кои се спротивни на европските вредности.

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата реагира на препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во рамки на антикорупциската проверка на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

# ВОВЕД

Наместо да придонесе за поголема транспарентност, отчетност и борба против корупцијата, ДКСК, преку своите наводни укажувања за „регулаторни ризици“, испраќа сериозно загрижувачки сигнали за затворање на институциите и креира можности за ограничување на правото на јавноста да знае. Платформата смета дека ваквите препораки не само што ја поткопуваат улогата на ДКСК како клучна институција за спречување на корупцијата, туку и директно отвораат простор за нови коруптивни злоупотреби, особено во сферата на јавните набавки.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025

Во текот на месец март на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 19 случаи со елементи на говор на омраза, повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување по различни основи.

Овој месец беа забележани 12 случаи (43%) на говор на омраза поради национална припадност, 8 случаи (29%) врз основа етничка припадност, 3 случаи (11%)политичка припадност , 3 случаи (11%) се по основа на пол и род и 2 случаи (7%) религија и религиско уверување.

Во текот на месец април продолжи загрижувачкиот тренд на зголемен број пријави поврзани со националната и етничката припадност. На социјалните мрежи се забележуваат навредливи и омаловажувачки содржини насочени кон различни етнички заедници, притоа често сместени во поширок социјално-политички контекст. Овој облик на говор на омраза придонесува за создавање на непријателска и поларизирана јавна средина.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО АПРИЛ 2025




***На платформата регистрирани се 19 оригинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучок:**

**Продолжувањето на овој тренд укажува на потребата од координиран и одлучен одговор од сите релевантни чинители - институции, граѓански организации, медиуми и општата јавност - со цел да се заштити општествената кохезија.**

**Препорака:**

**Потребно е засилено институционално следење на овие појави, како и проактивна улога на сите чинители. Дополнително, препорачуваме спроведување на јавни кампањи за едукација и промоција на интеркултурен дијалог и разбирање, со посебен акцент на младите.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

Во текот на месец април 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 9 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 3 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и 5 инциденти врз основа на верско уверување и 1 инцидент врз основа на национална припадност. Според видот на насилството, 3 од инцидентите содржат насилство, додека 6 содржат скврнавење симболи. Во два од случаите, малолетници се јавуваат како жртви или како сторители.
Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на лице место; разликата меѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група на малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Заклучоци:**

**1. Постои континуирана појава на инциденти со пристрасен мотив во кои најчесто доминира етничката припадност како мотив, со вклученост на малолетници и средношколци како жртви или сторители.**

**2. Инцидентите се случуваат на локации кои претходно биле идентификувани како ризични точки, како што се етнички мешани населби, училишта и јавен превоз, што укажува на потребата од посебно внимание кон овие области.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

# ПРЕПОРАКИ

Препораки:

- Да се засилат превентивните програми и едукативни активности во училиштата и заедниците со етничка разновидност, со цел градење на интеркултурен дијалог, толеранција и ненасилна комуникација кај младите.
- Да се воспостават зајакнати механизми за мониторинг и брза интервенција во ризичните области, преку зголемена соработка помеѓу полицијата, училиштата, локалната самоуправа и граѓанските организации.

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

Во текот на месецот, до Хелсиншкиот комитет се обратија две жртви на семејно насилство, за случаи поврзани со остварување на родителски права и заштита на најдобриот интерес на детето.
Во првиот случај, таткото побарал значително проширување на видувањата со своето дете од претходно утврдените термини, вклучително и повеќедневни и продолжени престои. Мајката, кај која е доверено малолетното дете, посочи дека предложената динамика на видувања сериозно го нарушува правилниот емоционален раст и развој на детето кое е на најрана возраст. Дополнително, изрази загриженост за влијанието на одвојувањето од мајката, како и за недоволната вклученост на таткото во непосредната грижа при видувањата.

Во вториот случај, станува збор за дете со сериозно тешка здравствена состојба, оперирана во една од домашните приватни болници. Мајката не' информираше дека таткото не дозволувал навремено лекување и ја попречувал хоспитализацијата поради финансиски причини, а воедно одбивал да му даде соодветна терапија на детето.

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**И покрај препораките на лекарите за неопходноста детето по операцијата да биде под директна мајчинска грижа, таткото не се согласувал, оставајќи ја грижата за детето на други членови од семејството.**
**Во двата случаи, родителските спорови и институционалните одлуки директно се влијаат на психофизичката стабилност на децата, при што е особено значајно стриктното почитување на принципот на најдобриот интерес на детето при донесување на одлуки.**

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

**Се забележува потреба од посеопфатна проценка на психолошките и емоционалните развојни потреби на децата при утврдување на личните односи со родителите.**

**Институциите, во постапките за видувања, често се соочуваат со тешкотии во балансирањето на правата на родителите и најдобриот интерес на детето, особено во случаи со здравствени и развојни елементи.**

**Препораки:**

**Центрите за социјална работа да вршат темелна мултидисциплинарна проценка со вклучување на стручни лица од областа на педијатрија, психологија и развоен третман, при носење одлуки за видувања.**

**Да се овозможи континуирана обука на стручните служби за примена на стандардите за проценка на најдобриот интерес, особено во чувствителни и комплексни случаи.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

**Општ преглед на активностите**

**Во текот на месец април 2025, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во седум предмети.**

**Два предмети: Условен отпуст со заштитен надзор**

**Еден предмет: Торура и нехуман третман**

**Еден предмет: Куќен затвор**

**Еден предмет: Посета во затвор**

**Два предмети :Здравствена заштита и безбедност на осудено лице**

**Краток преглед на обезбедени правни услуги**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети на осудените лица и нивните семејства**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции**
- **Обезбедени правни информации и совети на клиентите**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци и препораки**

- **Да се земат предвид специфичните потреби на секој осуденик, особено во случаи при донесување на одлуки за условен отпуст со заштитен надзор како позитивна мерка во намалување на пренатрупаноста во затворите**
- **Подобрување на условите за медицинска грижа преку обезбедување квалификуван медицински персонал, редовни здравствени прегледи, и ефикасни механизми за пријава и решавање на здравствени проблеми**
- **Зајакнување на механизмите за надзор и отчетност во казнено-поправните установи со цел унапредување на почитувањето на човековите права и пристапот до правдата за осудените лица.**

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - АПРИЛ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 32 | |
| СПП | 1 | |
| Вкупно | 33 | |
| | Број | Процент |
| Пол | | |
| Мажи | 18 | 54.5 |
| Жени | 15 | 45.5 |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 27 | 82 |
| Албанци | 6 | 18 |
| Роми | 0 | 0 |
| Други | 0 | 0 |
| Географски региони | | |
| Скопски | 24 | 73 |
| Вардарски | 1 | 3 |
| Полошки | 0 | 0 |
| Пелагониски | 1 | 3 |
| Југозападен | 2 | 6 |
| Североисточен | 2 | 6 |
| Источен | 2 | 6 |
| Југоисточен | 1 | 3 |
| Југоисточен | / | / |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – АПРИЛ 2025 ГОДИНА
# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Процент |
|---|---|---|
| Имотно право | 4 | 12 |
| Социјална зашт. и осиг. | 2 | 6 |
| Заштита на деца | 2 | 6 |
| Пензиско и инвалидско о. | 0 | 0 |
| Здравствено осиг. и зашт. | 1 | 3 |
| Работни односи | 3 | 9 |
| Родово баз. и сем. Насилство | 3 | 9 |
| Статусни прашања | 3 | 9 |
| Заштита на човек. права | 10 | 30,5 |
| Други | 5 | 15,5 |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - УПРАВЕН СПОР ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

До Хелсиншкиот комитет за човекови права со барање за бесплатна правна помош се обрати граѓанин од Скопје чие Барање за остварување на право на социлна сигурност за стари лица било одбиено од страна на Центарот за социјална работа од причина што поседувал возило. Сепак, општата управна постапка за ова право започнала многу порано (во 2022 г.), имајќи предвид дека второстепниот орган еднаш ја уважил жалбата на барателот и го поништил Решението на Центарот за социјална работа Скопје. Имено, од денот кога е уважена жалбата на барателот, односно кога е нотирано (со наведување членови од Правилникот) дека регистрирано патничко возило не се смета за имот доколку истото се користи за превоз на лице со попреченост, до денес - околностите не се променети, односно на барателот возилото му е неопходно за потребите на превоз на неговиот син со инфантилна церебрална парализа. А токму поседувањето на тоа возило е единствената причина поради која е одбиено неговото Барање за остварување на право на социјална сигурност за стари лица, без потребното образложение кое го налага членот од 88 од ЗОУП. Од овие причини, Хелсиншкиот комитет поднесе барање за одобрување на СПП за определување адвокат што ќе го застапува барателот на јавната главна расправа пред Управниот суд.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - УПРАВЕН СПОР ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

Во делот на остварувањето на правата на социјалната заштита, неопходна е поголема доследност и ажурност во носењето на одлуките во рамките на општата управна постапка.

Во делот на доследноста, забележливо е тоа што првостепениот орган (во случајов Центарот за социјална работа), по усвоената жалба на барателот - при носењето н новото решение не ги земал во предвид напатсвијата на втосостепениот орган (во случајов Државната комисија за одлучување во втор степен).

Во делот на ажурноста, треба да се има предвид тоа што барателите на правата од областа на социјалната заштита, се граѓани во сериозен социјален ризик, поради што постапувањето на државните институции, особено во овие предмети, неопходно е да се одвива согласно пропишаните законските рокови. Имено, неажурноста во решавањето на предметите начесто се јавува кај тужените првостепени органи, кои не постапуваат во законски определениот рок кога им се враќа на повторно одлучување предметот, без оглед дали се враќа по усвоена жалба во рамките на општата управна постапка, или по усвоена тужба во рамките на управниот спор.